**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ**
**И БУЏЕТ**
Број 19-3575/11
21 октомври 2013 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Седумдесет и седмата седница одржана на 7, 8, 9, 10, 14, 16, 17, 18 и 19 октомври 2013 година, како матично работно тело го разгледа

**Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година**

Образложение на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот даде министерот за финансии, Зоран Ставрески. Тој истакна дека Буџетот претставува основен инструмент на економската политика и во тие рамки треба да има ефикасна дебата за остварувањата на македонската економија во првите девет месеци од оваа година и да се објаснат условите во кои што се предлага овој Ребаланс на Буџетот. Тој нагласи дека македонската економија во 2013 година оствари резултати кои што се подобри од очекувањата. Во првите девет месеци од 2013 година резултатите се подобри и од повеќето земји од ЕУ и од тој аспект не само што се задржа макроекономската стабилност, туку има и солидни резултати во сите главни макроекономски параметри вклучително растот на економијата, странските инвестиции, извозот, вработеноста, невработеноста и се она што е значајно да се добие вкупната слика за економската состојба во државата.

Заздравувањето на македонската економија што започна на крајот од минатата година, во првиот и вториот квартал од оваа година остварени се позитивни стапки на економски раст. Во првиот квартал растот изнесува 2,9% и 3,9% во вториот квартал од 2013 година. Со тоа македонската економија оствари просечен раст во првата половина од 2013 година од 3,4% што претставува четврто најдобро остварување во Европа, а само Латвија, Турција и Исланд имаат подобар економски раст од Република Македонија во првите

шест месеци од 2013 година. Ова остварување покажа дека политиките кои го поддржуваат овој економски раст се правилно поставени, дека во основа сите оние мерки и активности што се презедоа во изминатите години, како и Буџетот за 2013 година овозможија да се оствари оваа висока стапка на економски раст имајќи предвид дека во исто време во европската економија во првите шест месеци од 2013 година имаше пад на економијата.

Охрабрувачки сигнал е дека овој економски раст е базиран на широка основа. Во повеќе сектори има позитивни стапки на економски раст. Секако тој раст во најголема мерка се должи на порастот во градежништвото, кој што во првиот квартал имаше раст од 36,8%, а во вториот квартал 33,2%. Тоа се исклучително високи стапки на раст кои не се забележани во било која европска економија во градежната индустрија. Важно е што и индустријата по излезот од негативната зона во првиот квартал од ова година, во вториот квартал забележа дополнителен раст од 4,1% и придонесе за оставрениот економски резултат. Пораст е евидентиран и во секторот сообраќај и врски, трговијата, финансиското посредување и во земјоделието.

Доколку се анализира расходната страна, исто така може да се забележи позитивно движење. Растот на македонската економија во првата половина од 2013 година не е движен од потрошувачката, туку од бруто инвестициите. Истите имаа пораст за 9,4% во првиот квартал од годината, односно за 7% во вториот квартал од годината. Во истиот период е забележан и раст на извозот на стоки и услуги што е значајно, бидејќи Република Македонија е мала економија и е многу битно да се освојуваат нови пазари, или пак да се зголемува извозот на постојните пазари, бидејќи домашниот пазар е недоволен за да може да расте економијата и стопанството. За првите 8 месеци од 2013 година, мерено во американски долари извозот забележа раст од 4,8%. Во исто време и увозот е зголемен за 0,9%. На тој начин е намален и трговскиот дефицит и е понизок за 5,4% во однос на истиот период од минатата година. Значи генератори на економскиот раст во првата половина од годината се градежништвото и извозот. Доколку се извлече заклучок од каде произлегува порастот на градежништвото и извозот ќе се види дека и во двата случаи станува збор за директни активности, политики и мерки кои што Владата ги спроведе преку Буџетот за 2013 година и ги спроведуваше во текот на изминатите години. Порастот на градежништвото во Република Македонија е директен избор на оваа Влада и нејзините политики се да се инвестира значајно во капитални инвестиции. Нивното зголемување од година во година директно придонесува за порастот на градежништвото, за ангажман на македонските фирми. Покрај нив се ангажираат и фирми од индустријата, од малото стопанство кои се снабдувачи на градежните компании кога станува збор за комплетирање на изградбата на некој пат, објект од спортот, културата, здравството и слично. Токму тоа е политиката на оваа Влада со која им се помогна на македонските градежни компании да опстојат во услови на криза, да се сочуваат работните места и да се остваруваат добри резултати.

Вториот столб на раст на македонската економија во 2013 година е извозот. Тој произлегува од политиките на Владата за привлекување на странски инвестици кои со своето работење во слободните економски зони станаа носители на извозот на производи од Република Македонија. Имено, преку 20% од вкупниот извоз е резултат на работењето на компаниите во економските зони или на фирмите кои работат надвор од слободните економски зони, но исто така придонесуваат за зголемување на извозот. Тоа придонесува и за подобрување на структурата на извозот за да има повеќе производи со повисока додадена вредност, наспроти минатото кога во македонскиот извоз доминираа суровини, полупроизводи и дел од производите од металната индустрија. Во моментов доминираат извозни производи со високо додадена технолошка вредност како што се катализатори и останати компоненти за автомобилската индустрија. Тоа е она што е поотпорно во услови на криза. Се покажа дека кога има поконкурентни производи како што е производството на овие компании може да има раст на извозот и во услови на криза. На овој начин Република Македонија успева да го намали дефицитот на тековната сметка која што во првите седум месеци од 2013 година изнесуваше 2,1% од БДП. Вкупниот износ на странски директни инвестиции во првите седум месеци од годинава достигнаа 130 милиони евра. При тоа не треба да се заборави дека дел од компаниите кои што по втор пат одлучија да инвестираат во Република Македонија, односно да отворат нови фабрики позитивно придонесоа за раст на извозот, БДП и вработеноста. Износот на странски инвестиции во првите седум месеци од оваа година е повисок за 41% во однос на минатата година. Она што се очекува во наредниот период е домашните компании да почнат постепено да се интегрираат во технолошкиот процес и да можат да ги снабдуваат овие странски глобални компании што се присутни во Република Македонија.

Овие движења на економски план беа значајни за да се оствари основната цел на Владата на Република Македонија, а тоа е намалување на стапката на невработеност. Сите економски политики и мерки се насочени кон таа цел. Во изминатите месеци стапката на невработеност во Република Македонија достигна историски најниско ниво. Имено, на крајот од вториот квартал од 2013 година, невработеноста се намали на 28,8% што е најниско ниво во изминатите 22 години на независност. Позначајно е тоа што ова е постигнато во услови кога има зголемување на невработеноста во скоро сите европски економии. Тоа покажува дека економските политики се правилно поставени и дека кога ќе се создадат малку подобри услови во Европа, во поглед на раст на европската економија што се очекува во 2014 година, а посебно во 2015 година, овие политики ќе резултираат во уште поинтензивно намалување на невработеноста. Во исто време и вработеноста е зголемена и достигна највисоко ниво од 40%. На тој начин се зголемува потенцијалот на економијата за раст бидејќи поголем број на лица се ангажирани во производствениот процес.

Република Македонија и натаму со нивото на државниот долг од 33,8% е четврата најниско задолжена земја во Европа. Тоа е политиката која што е вградена и во Ребалансот за 2013 година и во Буџетот за 2014 година и Владата ќе остане на тој план на ниска задолженост на земјата.

Покрај високото ниво на капитални инвестиции кои беа предвидени во Буџетот и кои се реализираа соодветно и привлекувањето странски инвестиции, постои и трет фактор кој што значајно помогна во остварувањето на економските резултати во првите месеци на оваа година и им помогна на домашните фирми. Тоа е процесот на раздолжување на државата кон домашните фирми кое што беше вградено во Буџетот за 2013 година и кое што се реализира како што беше разговарано со бизнис заедницата. Имено, во првите два месеци од 2013 година во целост се исплатија обврските на државата кон стопанството кои започнаа да се плаќаат од септември 2012 година. Станува збор за обврски кои што не беа подмирени редовно и кои што во вкупен износ од 92 милиони евра завршија кај македонските компании. Со овие средства во голема мерка се помогна ликвидноста на домашните фирми.

Реализацијата на приходите во изминатиот период од седум месеци беше во износ од 103.018.000.000 денари при што даночните приходи и социјални придонеси изнесуваа 88.232.000.000 денари, од што 57.390.000.000 денари се даночни приходи. 50% од вкупните даночни приходи, што е и вообичаено за Република Македонија се наплатени по основ на ДДВ. Приходите од социјални придонеси изнесуваат 30.842.000.000 денари, при што по основ на пензиско и инвалидско осигурување се реализирани 20.757.000.000 денари, по основ на здравствено осигурување 8.778.000.000 денари. Неданочните приходи во периодот јануари-септември изнесуваат 9.264.000.000 денари и истовремено на сопствените сметки буџетските корисници остварија 4.220.000.000 денари. Од административни и судски такси реализирани се 1.310.000.000 денари, а останатите приходи се по основ на концесии и неданочни приходи. Капиталните приходи изнесуваат 3.053.000.000 денари, од кои 2.185.000.000 денари се приходи од исплатата на дивиденда од Македонски телеком, а останатите се приходи од продажба на градежно земјиште и општествени станови. При тоа во првите девет месеци буџетските корисници реализираа и 2.216.000.000 денари по основ на донации од меѓународни донатори. И во текот на 2013 година на расходната страна се спроведува дисциплинирана буџетска политика посебно во делот на контрола на тековните расходи и на редовна и навремена исплата на сите законски права.

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари-септември 2013 година достигнаа 118.861.000.000 денари од кои 16.901.000.000 денари се исплатени за плати и надоместоци кај буџетските корисници. Расходите за стоки и услуги достигнаа 10.794.000.000 денари што овозможи нормално функционирање на сите органи на државната управа. Најголемо учество во структурата на тековните расходи имаат социјалните трансфери за кои во овој период се исплатија 55.315.000.000 денари од кои 33.546.000.000 денари беа

наменети за пензии. Се работи за средства што се наменети за редовна исплата на пензиите и за индексацијата на пензиите како и допонителното зголемување од 5% покрај законското усогласување на пензиите. Истовремено редовно се сервисираа и обврските на државата по основ на загарантираната социјална заштита на населението за која се потрошија 4.384.000.000 денари. Тоа се средства кои се наменети за ранливите категории на граѓани како и за надоместоци по основ на детски додаток. Во овие рамки е опфатено и зголемувањето од 5% на социјалната и постојаната парична помош што е показател за грижа за социјално загрозените семејства. За финансирање на здравствените услуги се исплатени 15.898.000.000 денари. За невработените лица во првите девет месеци од 2013 година се издвоени 1.289.000.000 денари, а за активни мерки за вработување 198.000.000 денари. Од Буџетот на Република Македонија кон општините во првите девет месеци се трансферирани 10.322.000.000 денари во вид на блок дотации за финансирање на материјалните трошоци на локалните установи како и 1.025.000.000 денари од приходот остварен од ДДВ.

Субвенциите кон земјоделците заклучно со крајот на месец септември се исплатени во износ од 5.500.000.000 денари како директна помош за земјоделците при што се исплатени субвенциите за тутун, полјоделски и градинарски култури, овошни и лозови насади, предадено грозје, млекопроизводителите, сточарството.

Капиталните расходи кои ја сочинуваат развојната компонента на Буџетот и се генератор на економскиот раст и вработеноста во изминатиов период се реализираа на рекордно ниво од 11.985.000.000 денари. Во првите девет месеци од 2013 година остварен е буџетски дефицит од 15.843.000.000 денари или 3,2% од БДП. Ваквото ниво на дефицит во главно е резултат на исплатата на обврските кон стопанството како и на зголемената исплата на капитални инвестиции и на субвенциите кон земјоделството.

Предложените измени со Ребалансот се однесуваат само на расходната страна каде што се предлага реалокација на средства во рамки на постојната маса на плати за корекција на масата на плати кај одредени буџетски корисници. Не станува збор за зголемување на масата на плати туку за реалокации таму каде што во текот на годината заради пензионирања, прилив на кадар или други промени има потреба од корекции. Втора и најглавна категорија на расходната страна заради која што се предлга Ребалансот е дополнителниот износ од 1.034.000.000 денари за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување со кој се обезбедува да се покрие исплатата за зголемениот број на пензионери во 2013 година и зголемувањата што беа направени во текот на годината. Имено, бројот на пензионери во 2013 година е зголемен за 6.600 лица. На крајот од септември 2013 година тој достигна 289.200 лица споредено со 282.600 лица на крајот од декември 2012 година. Со Ребалансот се обезбедуваат дополнителни средства за Министерството за образование и наука за исплата на лабараториите кои се купени во изминатиот период и од кои дел се веќе ставени во функција. Третата промена со

Ребалансот се однесува за оние буџетски корисници кои оствариле дополнителни приходи на сопствените сметки по основ на донации, заеми и слично. Такви проекти се на пример ремонтот на железничката пруга Табановце-Куманово за која се обезбедија дополнително 59.000.000 денари, за водовод и канализации во општините 94.000.000 денари, проектот за одржлива енергија 25.000.000 денари, проектите за здравствена електронска картичка, Здравствен дом Скопје и Клиничката болница во Штип како и обуката на лекари во странство 230.000.000 денари, реконструкција на основни и средни училишта 246.000.000 денари, програмите за доживотно учење и млади во акција 122.000.000 денари, условени парични трансфери 49.000.000 денари, изградба на станбени објекти за лица баратели на азил со донација од УНХЦР во износ од 33.000.000 денари и друго.

Во претресот учествуваа пратениците Марјанчо Николов, Стојко Пауновски, Беким Фазлиу, Миле Андонов, Оливер Спасовски, Игор Ивановски, Самка Ибраимоски, Газменд Алији, Реџаиљ Исмаили, Ленче Николовска, Владанка Авировиќ, Малиша Станковиќ, Орхан Ибраими, Радмила Шеќеринска, Панче Орцев, Ромео Тренов, Горан Сугарески, Лилјана Кузмановска, Драган Цуклев, Јулијета Марку, Драгиша Милетиќ, Менде Диневски, Билјана Казанџиска, Ѓорѓи Коџабашиев, Мерал Узеири Ферати, Емилијан Станковиќ, Цветанка Иванова, Ивон Величковски, Јани Макрадули, Рејхан Дурмиши, Голупчо Ангелов, Митре Велјаноски, Дивна Јовковска Ефтимоска, Светала Мазгалоска Вучетиќ, Саве Марачков, Станка Анастасова, Светлана Карапетрова, Силвана Бонева, Неџати Јакупи, Имер Алиу, Сафет Бишевац, Садије Илјаз и Беким Ќоку,

Во расправата беа изнесени следните мислења, забелешки, дилеми, предлози и поставени прашања:

- Се изнесе дека овој Ребаланс се прави на Буџет кој беше донесен спротивно на Деловникот на Собранието на Република Македонија, на Законот за Собрание и на Уставот на Република Македонија и може да се каже дека Буџетот за 2013 година е донесен на незаконски начин. До министерот за финансии беше упатено прашање зошто сега Владата се одлучи да предложи Ребаланс на Буџетот, а истото не го направи за Буџетот за 2012 година кога исто така буџетскиот дефицит од 2,5% го зголеми на 3,9% од БДП, односно за 90 милиони евра без да одлучи Собранието на Република Македонија. Сега за 30 милиони евра зголемен дефицит се предлага Ребаланс на Буџетот. Како ќе се третира буџетската 2012 година во која што се потрошија тие пари без да одлучи Собранието со донесување на Ребаланс, со што се сменија и основните буџетски параметри.

Ребалансот на Буџетот за 2013 година е нереален, задоцнет и Ребаланс на нови долгови на Република Македонија. За три години (2012, 2013 и 2014 година) ќе се потрошат повеќе од 900 милиони евра, односно се создаде нето долг од 900 милиони евра. Како Владата ќе ги оправда економските политики

со ваквите енормни задолжувања. Во фискалната стратегија на Владата, а и препораките на гувернерот на НБРМ  и ММФ беа дека барем оваа година дефицитот да изнесува 3,2% од БДП и од наредната година да се намалува. Но, Владата не само што не го намалува дефицитот за оваа година туку и за наредната година предвидува ист дефицит (3,9%). Три години по ред има дефицит од по 300 милиони евра, и дали може да се каже дека оваа Влада водела успешна политика.

Владата кажува дека се намалила невработеноста. Зошто тогаш во Ребалансот на Буџетот за 2013 година се планира да се собере помал износ од придонеси за 3,5 милиони евра. Нелогично е да се намалува невработеноста, да се зголемува вработеноста, а да се намалуваат приливите од придонеси. Се кажува дека бројот на вработените се зголемил над 40% или бројот на осигуреници за кои што се плаќаат придонеси е околу 460.000 и како може да се намалуваат средствата од придонесите. Во Фондот за ПИОМ заклучно со 2012 година бројот на осигуреници изнесува 456.000, а во 2006 година тој број бил 394.000, што значи 62.000 повеќе вработени во јавната администрација и ако на ова се додаде вообичаеното бришење на лица од Агенцијата за вработување има нереално прикажување на невработеноста.

Владата планира најголем дел од дефицитот да го финансира од домашно задолжување и дел од странски кредити. Како ќе се финансира од домашни извори кога со Ребалансот се предвидува средствата од хартии од вредност да изнесуваат 10.110 милиони денари, а до десетти месец 2013 година се реализирани 9,5 милијарди денари. Значи остануваат уште 10 милиони евра за реализација. Ако се остане на оваа проекција како ќе се емитуваат нови хартии од вредност без да се пробие плафонот што ќе се одобри со донесувањето на Ребалансот. Како Владата планира да ги оствари приходите во Буџетот кога заклучно со август месец има остварено само 60% од предвидените. Досегашната пракса на приливи во Буџетот покажува дека не може да се остварат планираните приходи, а со Ребалансот се зголемуваат за дополнителни 22 милиони евра. Поради состојбата на стопанството и граѓаните не може овие средства да се обезбедат освен со казни. Ако се продолжи со овој тренд на прибирање на приходите и трошењето на средствата, дефицитот ќе биде многу повисок од предвидениот (3,9%). Капиталните расходи заклучно со месец август се реализирани само со 53% иако нивната структура е претежно изградба на административни згради, споменици и слично, а не  инфраструктурни објекти.

Најстрашно е тоа што се продолжува со праксата на зголемување на трансферите кон Фондот за ПИОМ, во којшто  е алармантна состојбата. Наместо да се зголемува дефицитот заради зголемување на трансферот до Фондот за ПИОМ, добро е да се скратат средства од стоки и услуги или од непродуктивни трошоци. Со Ребалансот се предлага трансферот до Фондот да изнесува 21 милијарда денари или околу 335 милиони евра. Значи повеќе од половина од пензиите се исплаќаат од Буџетот, што е загрижувачки за сите идни генерации во Република Македонија поради големиот дефицит на Фондот

за ПИОМ. Владата најавува дека во 2014 година пензиите ќе ги зголеми за 5%. Но не се 5% затоа што пензиите тековно се усогласуваат со порастот на платите и трошоците на живот (што изнесува околу 3%). Значи зголемувањето би изнесувало околу 2%, што не е доволно ако се земе порастот на цените на основните прехранбени артикли.

Во врска со претходно изнесената дискусија појаснување даде министерот за финансии. Тој нагласи дека податоците за движењето на државниот долг во периодот од 2005-2012 година покажуваат дека во 2005 година тој достигнал рекордно ниво во износ од 38,4% од БДП, потоа има намалување и сега изнесува 33,8% од БДП. Кога станува збор за задолженоста на Република Македонија во споредба со останатите европски земји, таа е четврта најмалку задолжена земја кумулативно во изминатите седум години. Во однос на буџетскиот дефицит министерот одговори дека и претствниците на меѓународните финансиски институции дозволуваат земјите кои што имаат фискален простор, да го искористат, особено доколку условите во Европа и светската економија продолжуваат да се влошуваат. Доколку пак станува збор за високо задолжена земја, тогаш треба да се пристапи кон нагло намалување на буџетскиот дефицит за да опстане економијата. Од 38,4% државен долг на крајот од 2005 година, истиот беше намален на 24% во 2007 и 2008 година. Тоа овозможи сега во услови на криза Република Македонија да може да позајмува за да се овозможи поддршка на македонската економија, да се реализираат капитални проекти, а во исто време да не стане високо задолжена земја. Доколку само се вршеше штедење на буџетските средства ќе се случеше стагнација на македонската економија. Република Македонија и во 2013 година има понизок буџетски дефицит од повеќето европски земји. Македонското стопанство се уште не е многу конкурентно и затоа му е потребна буџетска поддршка. Денеска ниту една земја во Европа не ги зголемува пензиите на своите граѓани како што тоа го прави Република Македонија. Доколку во изминатите години не постоеја светската финансиска и европската должничка криза, економските показатели ќе беа уште подобри. Реализацијата на капиталните проекти заклучно со месец септември изнесува 64% и не може да се тврди дека има нивна слаба реализација. Од 2006 година па до денес реализирани се капитални инвестиции во вкупен износ од 106.000.000.000 денари. За патна и железничка инфраструктура 34.600.000.000 денари, транспорт и животна средина 9.200.000.000 денари, здравство 7.300.000.000 денари, обрзование, наука, спорт и детска заштита 11.000.000.000 денари, ТИРЗ 2.800.000.000 денари, регионален развој 4.500.000.000 денари, култура 5.000.000.000 денари и слично.

На прашањето зошто во 2012 година немало Ребаланс на Буџетот, а во 2013 година има, беше одговорено дека постои логично и законско објаснување зошто е тоа така. Во 2012 годна не беше повеќе потрошено и не се бараше да се потроши повеќе од она што беше одобрено од Собранието на Република Македонија. Не е точно дека Владата потрошила 100 милиони евра повеќе во 2012 година од она што било планирано со Буџетот. Буџетскиот

дефицит беше зголемен, но како резултат на тоа што приходната страна не се реализира согласно планот, а не поради тоа што на расходната страна се потрошило повеќе. На расходната страна никој не смее да потроши повеќе буџетски средства од она што го одобрило Собранието на Република Македонија. Оваа година се пристапува кон Ребаланс затоа што Владата бара да потроши повеќе средства на расходната страна. Се бара зголемување на расходите кај Фондот за ПИОМ за 1.034.000.000 денари, кај Министерството за образование и наука за 430.000.000 денари и да се исплатат сите оние проширувања кои што во текот на годината се одобруваат за реализација на проекти.

Во однос на прашањето како е можно да има зголемување на бројот на вработени , а да се намалуваат придонесите беше одговорено дека за 3,6% се повисоки вкупните придонеси од кои за 3,3% се повисоки пензиските придонеси, здравствените придонеси се повисоки за 4,6% во однос на минатата година. Во изминатите години се зголемија и пензиите. Во 2005-2006 година просечната пензија во Република Македонија изнесувала 7.463 денари, а денеска таа изнесува 11.565 денари.

- Беше изнесено дека се трошат буџетски средства за непродуктивни проекти, наместо во инфраструктурни проекти кои ќе носат бенефит за македонската економија. Крајно време е да се намалат сите непродуктивни трошоци и непотребни расходи во Буџетот. Не е логично да се тврди дека постои зголемување на бројот на вработените, а од друга страна да нема зголемување на придонесите и прилив на средства во Фондот за ПИОМ. Се постави прашање како ќе се обезбедат средства за реализација на сите предвидени проекти до крајот на годината. Не треба да се заборават и обврските од земените кредити во изминатите години кои доспеваат за отплаќање. Колку и да се зголемуваат казните нема да се соберат потребните средства.

- Се изнесе мислење дека Ребалансот на Буџетот за 2013 година е дискриминаторски во однос на албанците во Република Македонија почнувајќи од образованието, здравството, инфраструктурата, вработувањата и земјоделството. Тоа може да се забележи преку буџетите на Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и Министерството за здравство. Беше изнесено дека со Ребалансот на Буџетот за 2013 година се намалуваат средствата за имплементација на охридскиот рамковен договор, поточно Програмата К5 за правична и соодветна застапеност на заедниците за 260.000 евра, се намалуваат средствата за албанскиот театар во Скопје за 24 милиони денари и за театарот и библиотеката во Тетово за 14 милиони денари. За разлика од овие намалувања има пораст за МАНУ и во Министерството за култура за над 500.000 евра. За Музејот на ВМРО и жртвите на комунизмот се предвидени 75.400.000 денари, а за Музејот на албанската азбука доделени се само 2.400.000 денари. Не се остваруваат проектите за Коридорот 8, железничката

линија Скопје-Струга, Скопје-граничен премин Блаце, слободната економска зона во Тетово, уредување на каналот во Арачиново.

-Во врска со претходната дискусија беше изнесено и спротивно мислење. Имено, точно е дека средствата се недоволни и дека има потреба од реализација на многу проекти (патишта, водоводи, канализации, училишта) во средините каде што живее албанско население. Но, има проекти кои се наменети за градови, општини, средини во коишто предоминантно живее албанско население. На пример Дијагностичкиот центар при Клиничката болница во Тетово ги содржи најсовремените апарати. Болницата е на исто ниво од аспект на опременост со многу други клинички болници и е многу подобро опремена отколку што беше пред неколку години. Обезбедени се средства за Државниот универзитет во Тетово. Се вложуваат средства и во училиштата во кои учат албанци, има обезбедено средства за Албанскиот театар и библиотека во Тетово, Албанскиот театар во Скопје итн.

- Се истакна дека планираниот дефицит со Буџетот за 2013 година во износ од 290.000.000 евра со Ребалансот се предлага да се зголеми за над 20.000.000 евра. При разгледувањето на Буџетот за 2013 година, опозицијата бараше од Владата да престане со воспоставените практики за континуирано задолжување и да оствари одредени заштеди за да не се оптоваруваат дополнително граѓаните и фирмите во Република Македонија со цел да им се излезе во пресрет да ги надминат тешкотиите со кои се соочија поради светската финансиска криза. Беше поставено прашањето како Владата планира да ги оствари планираните приходи за 2013 година кои со предложениот Ребалнс се зголемуваат, имајќи го предвид фактот дека до сега се собрани околу 60% од вкупно планираните. Како ќе се одржи планираниот и зголемен дефицит од 310.000.000 евра до крајот на годината при неповолни економски услови. Економските политики кои ги води Владата во изминатите години придонесоа да се зголеми сиромаштијата во Република Македонија и покрај потрошените милијарди евра. Се зголемува бројот на вработени во јавната администрација , се зголемуваат буџетите и дефицитите, јавниот долг кој е зголемен за 8% во изминатите години, има нетранспарентно трошење на буџетски средства преку јавните набавки, се зголемуваат казните. Треба да се води даночно досие за секој даночен обврзник за да има евиденција кој е примерен, а кој не примерен даночен обврзник, а не веднаш да се пристапува кон казнување. Исто така се зголемува задолженоста на Република Македонија и трговскиот дефицит. Од друга страна пак, економските политики на Владата доведуваат до намалување на економскиот потенцијал на македонската економија. Вработеноста во реалниот сектор се намалува секоја година. Во 2009 година во реалниот сектор имало 515.000 вработени, а во 2012 година тој број изнесува 480.000 вработени. За разлика од реалниот сектор, бројот на вработени во јавната администрација постојано се зголемува. Во 2009 година нивниот број изнесувал 115.000 лица, додека пак на крајот од 2012 година 160.000 лица и со тоа се намали стапката на невработеност во Република Македонија. Намалениот број на вработени лица во реалниот сектор во

изминатите три години го чинат Буџетот на Република Македонија околу 100.000.000 евра годишно, а зголемениот број на вработени во јавната администрација за истиот период го чинат државниот буџет 120.000.000 евра годишно. Доколку на ова се додаде проектот Скопје 2014 година и останатите непродуктивни проекти, ќе се дојде до податокот за колку е осиромашен македонскиот народ. ММФ постојано укажува на потреба од воздржаност во трошењето, подобро управување со јавните финансии, умереност во задолжувањето, а Владата тоа не го практикува.

- Беше изнесено дека предложениот Ребалнс на Буџетот е уште еден показател за лошите економски политики кои ги води оваа Влада. Сиромаштијата и невработеноста во Република Македонија изнесува 56,8%. Основните режиски трошоци не можат да ги плаќаат 40% од граѓаните. Буџетот и Ребалансот не нудат добра перспектива за излез од тешката состојба во која се наоѓаат македонските граѓани. Се постави прашање зошто граѓаните не се вклучуваат во целокупниот буџетски процес, за да се слушнат нивните мислења и потреби. Не се одржала ниедна јавна расправа за Буџетот. Предложениот Ребаланс не врши корекција на лошо проектираниот Буџет за 2013 година. Со Ребалансот се докажува дека Владата е неуспешна во водењето на социјална политика и граѓаните треба да знаат каде се трошат парите наменети за социјалната компонента. Трансферите на буџетски средства во Фондот за ПИОМ е во висина од 32,9% од прибраните средства од придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, а со Ребалансот се предлага да се намали за 28,3% од средатвата кои се планираат да се соберат во текот на оваа година од придонесите за пензиско и инвалидско осигурување. Постои дефицит во Фондот од 30% кој се покрива со средства од прибраните даноци. Средствата од придонеси за пензиско и ивалидско осигурување не се реализираат со планираната динамика. Зошто не се зголемува стапката за пензиско и инвалидско осигурување. Со воспоставувањето на добар систем за јавни набавки и осамостојување на Бирото за јавни набаки ќе се остварат големи заштеди. Единствен начин за намалување на дефицитот во Фондот за ПИОМ е проектот за самовработување. Потребно е да се доделуваат субвенции и за вработување на ромската заедница затоа што таа е дискриминирана во Република Македонија. Во изминатите години се избрашини 10.000 роми од евиденцијата за невработени лица.

- Се истакна дека иако до пред некој месец се тврдеше дека нема да има Ребаланс на Буџетот за 2013 година во услови кога сите показатели за тоа како се реализира Буџетот беа негативни, сепак Владата се одлучи да достави до Собранието Предлог за изменување и дополнување на Буџетот за 2013 година. При носењето на секој Буџет како и на овој Ребаланс не се предлагаат нови индикатори кои ќе значат зголемување на економскиот раст и вработеноста во Република Македонија и уште еднаш се потврдува фактот дека постои лошо планирање на буџетските средства кои пред се требаше да ги задоволат партиските потреби на актуелната Влада без да се води сметка за потребата

од скратување на дел од непродуктивни расходи и зголемување на трасферите до луѓето во Република Македонија кои што живеат во сиромаштија. За првите осум месеци од 2013 година има 60% реализација на Буџетот. При донесувањето на Буџетот за 2013 година беше укажувано дека сериозно е загрозен пензискиот систем во Република Македонија и може да дојде до создавање проблеми при исплатата на пензиите. За секоја исплата на пензиите Владата на Република Македонија постојано се задолжува. Се постави прашањето зошто е доведен Фондот за ПИОМ во ваква состојба и зошто пензискиот систем има вавка фискална евазија. Треба да се носат мерки кои ќе придонесат за ублажување на последиците од светската финансиска криза, а Владата одбира погрешни приоритети при водењето на економската политика. Не се инвестира доволно во капитални проекти кои ќе придонесат за развој на индустријата и зголемување на бројот на вработените. Владата постојано се задолжува за да го пополнува буџетскиот дефицит. И во Буџетот за 2014 година не се предвидуваат позначајни проекти во енергетиката со кои ќе се зголеми домашното производство на електрична енергија, наместо постојано да се зголемува нејзиниот увоз. Нема реализација на проекти за гасификација.

- Беше изнесено мислење дека како и при секој Ребаланс, така и кај овој страдаат проектите наменети за албанската заедница во Република Македонија. Загрижува фактот што планираната технолошко индустриска развојна зона во Тетово се уште не функционира, а која би придонела за економски раст во полошкиот регион. Потребно е Република Македонија да има рамномерен регионален развој, но Владата не ја поттикнува економијата подеднакво насекаде низ државата. Во Ребалансот не се предвидуваат буџетски средства за ТИРЗ Кичево и Струга. Не се инвестира во патна инфраструктура, канализациони мрежи и други потреби на граѓаните. Проектите од областа на културата наменети за албанската заедница во Република Македонија постојано се повторуваат и никако да се реализираат иако биле планирани уште во 2006-2007 година. Во последните години во Република Македонија се продлабочува сиромаштијата, се зголемува невработеноста. Се изнесе забелешка дека граѓаните од полошкиот регион користат многу малку субвенции за земјоделството. Иако се најавува неколку години по ред, никако да се изгради хидросистемот Равен во село Речица кој би им бил од големо значење на земјоделците. Здравството постојано се уназадува и се скратуваат планираните средства.

- Во однос на претходната дискусија се изнесе и спротивно мислење. Имено, со Ребалансот се планираат само две измени на Буџетот за 2013 година и тоа зголемување на средствата за Фондот за ПИОМ и лабараториите за универзитетите во Република Македонија. Најголемиот дел од проектите наменети за албанската заедница се повеќегодишни и тие се остваруваат според предвидената динамика. Со зголемување на средствата за Фондот за ПИОМ ќе се обезбедат средства и за пензионерите албанци. За еден дел од инфраструктурата на ТИРЗ Тетово се предвидуваат буџетски средства, додека

останатиот дел ќе се гради од страна на странски инвеститор. Исто така и за ТИРЗ во Кичево и Струга се предвидуваат средства во Предлог Буџетот за 2014 година. Што се однесува за субвенциите во земјоделството се истакна дека често пати им е излезено во пресрет на земјоделците во смисла на објаснување на постапките како би можеле подобро да ги добијат предвидените субвенции. Сите земјоделци кои ги исполнуваат условите ги добиваат субвенциите во максимален износ без оглед на етничката припадност. Од 2009 година започна проектот за подобрување на водоснабдувањето во липковскиот регион кој наскоро треба да биде довршен. Исто така се реализираат и проекти во областа на патната инфраструктура, образованието.

- Беше истакнато дека средствата кои се издвојуаат со овој ребаланс се неопходни и потребни. Секоја Влада грижејќи се за реализација на преземените обврски, ќе обезбеди дополнителни средства, со цел континуирано и непречено да се исплатат сите социјални трансфери, пред се на пензионерите и социјално ранливите категории. Доброто владеење и управување со јавните финансии станува компонента од фундаментална важност и фактор за меѓународна сигурност на сите земји. Сите земји во светот, почнувајќи од најразвиените, од 2008 година се соочуваат со најголемата светска економска и должничка криза. Најбитно е да се обезбеди добро компонирана фискална со монетарна политика, да се обезбеди стабилност на државата и истовремено да се обезбедат средства за социјални трансфери и средства за раст на капитални инвестиции и поднослив дефицит. Сите меѓународни фактори коишто ја следат најголемата рецесија, ја оценуваат Република Македонија како држава која добро се справува со рецесијата. Владата со овој ребаланс издвојува повеќе од 1 милијарда денари за Фондот за ПИОМ и повеќе од 400 милиони денари за лабаратории на универзитетите во Република Македонија. Многу се важни политиките на Владата коишто се зацртани како стратегија, а тоа е обезбедување на фискална стабилност, транспарентност во сите политики особено на буџетската политика, со посебен акцент стопанските субјекти да се придвижуваат во позитивен правец, со навремено обезбедување на извори за финансирање. Се преземаат сите мерки Буџетот навреме да се полни и што е можно да има подобра фискална дисциплина. Во првата половина на годината просечниот економски раст во Република Македонија изнесува 3,4 %. Растот не се должи на потрошувачката, туку истиот произлегуа од растот на капиталните инвестиции. Стапката на невработеност е намалена. Република Македонија спаѓа во ниско задолжените земји. Последниот податок е дека јавниот долг изнесува 33,8% од БДП. Сите овие показатели зборуваат дека Република Македонија и понатаму ќе чекори со успешна политика и ќе обезбеди средства за сите категории на населението. Во Република Македонија се набавени лабаратории за сите универзитети и истите ќе обезбедат повисоко технолошко и системско знаење на студентите. Во земјоделието веќе се исплатени 500 милиони евра за субвенции. Изградени се вкупно 418,8 км автопат во вкупна

вредност од 164 милиони евра. За наредните пет години предвиено е да се изградат околу 300 км автопат и 200 км локални патишта. Депозитите на граѓаните постојано растат и од осамостојувањето на Република Македонија, се на највисоко можно ниво кои изнесуваат повеќе од 1 милијарда евра. Девизните резерви на Република Македонија изнесуваат повеќе од 2 милијарди евра.

- Беше изнесено дека остварените позитивни стапки на економски раст во првите два квартала од 2013 година се како резултат на ниската споредбена основа во 2012 година, а не се резултат на капацитетот на македонската економија ниту на преземените мерки на Владата. Владата не ги корегира стапките на раст за цела 2013 година и истите остануваат на нивото од 2%, зацртано на крајот на 2012 година. Во Ребалансот на Буџетот за 2013 година не се проектира зголемување на даночните приходи по ниту еден основ. Не се зголемуваат приходите по основ на ДДВ, персонален данок на доход и данок на добивка, а македонската економија бележи раст. Единствената ставка во Ребалансот на Буџетот за 2013 година каде може да се забележи раст се задолжувањата на домашниот и странскиот пазар. Лошата економска политика на Владата не е одржлива, зависна е од задолжувањата и на долг рок ќе придонесе за влошување на состојбите во државата. Трендот на зависност на македонската економија од задолжувања ќе резултира со уште полоши перформанси и загрозување на стабилноста на економијата. Основна причина поради која се предлага Ребалансот на Буџетот за 2013 година е ребалансирање на задолжувањата. Целта на Владата не е да се обезбедат финансиски средства за лабаратории во високото образование, бидејќи универзитетите имаат проблеми во однос на подмирување на основните тековни обврски. Странските директни инвестиции се на ниско ниво и најниски во регионот. Се постави прашање колку средства од Буџетот на Република Македонија се дадени на странските компании во вид на државна помош. Ако се погледне анализата на Комисијата за заштита на конкуренцијата може да се види дека преку државна помош на странските инвеститори им се дадени големи финансиски средства од Буџетот, односно пари на македонските граѓани, што значи дека не станува збор за реални странски директни инвестиции. Економската криза во еврозоната заврши. Генераторите на економскиот раст во земјите од Европската Унија се придвижуваат и европската економија бележи раст. Се наметнува прашањето зошто подобрувањето на економските состојби во земјите од Европската Унија не се одразува на подобрување на перформансите и стапките на раст на македонската економија. Владата има лош концепт во однос на финансирање на домашната економија. Проекциите за БДП растат, а нивото на даночни приходи останува исто, поради што државата мора да го користи задолжувањето со цел да го покрие буџетскиот дефицит. Државата се повеќе станува зависна од задолжување на домашниот и странскиот пазар. Во предложениот Ребаланс на Буџетот за 2013 година драстично се зголемува процентот на домашно задолжување. Задолжувањето кај домашните банки се

зголемува на 162 милиони евра и ако се има во предвид дека задолжувањето во странство изнесува 260 милиони евра се добива податок дека во 2013 година се предвидува задолжување од вкупно 430 милиони евра, што претставува околу 20% од Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Поврат на средствата по основ на ДДВ кон компаниите државата реално не изврши туку само е направено сметководствено пребивање на обврските со побарувањата помеѓу компаниите и државата. Според податоците објавени на веб страната на Министерството за финансии приходите остварени по основ на ДДВ во просек секој месец изнесуваат околу 60 милиони евра, освен во месец февруари 2013 година кога истите изнесуваат 5 милиони евра. Разликата е значителна и ако се има во предвид дека истиот месец беа исплатени обврските на државата по основ на ДДВ кон стопанството станува јасно дека реално средствата не се вратени туку само се пребиени. Од друга страна пак ако се погледне расходната страна се забележува радикален пораст на расходите во месец март 2013 година и тоа по основ на тековни и други трансфери и тоа во износ од 60 милиони евра. Во овој месец беа исплатени пензиите, социјалните надоместоци и субвенциите на земјоделците и тоа во предизборен период. Невработеноста не е намалена реално, туку само поради бришење на пријавените невработени лица по основ на здравствено осигурување од Агенцијата за вработување, поделбата на лица кои бараат работа на активни и пасивни (најмалку 12.000-20.000 лица) и последната мерка на Владата со која секој од невработените кој е пријавен како активен во Агенцијата за вработување треба да прикаже бизнис план кој треба да биде оценет дали е прифатлив или не.

Во однос на претходно изнесената дискусија појаснување даде министерот за финансии кој истакна дека на веб страницата на Министерството за финансии се дадени податоци за нето приходите, односно бруто приходите намалени за износот на средства за поврат на ДДВ. Во месец февруари 2013 година износот на нето приходите изнесува 5 милиони евра, бидејќи исплатени се сите обврски кон стопанството по основ на ДДВ. Во овој месец исплатени се 92 милиони евра на компаниите по основ на поврат на ДДВ. Во однос на економскиот раст министерот укажа дека факт е дека истиот изнесува 3,9% во вториот квартал од годината или во просек 3,4%, што значи дека македонската економија не е во рецесија и состојбите се повеќе се подобруваат. Потврда за позитивниот економски раст на македонската економија даваат и Светската банка, ММФ и кредитните рејтинг агенции. Во однос на прашањето зошто Министерството за финансии не ги корегира проекциите за висината на приходите министерот одговори дека доколку се анализира структурата на економскиот раст ќе се види дека истиот не е резултат на зголемување на потрошувачката, туку на пораст на бруто инвестициите, градежништвото и пред се извозот кои се основни генератори за економски раст. Потрошувачката е фактор кој влијае на зголемување на приходите по основ на ДДВ. Во Република Македонија потрошувачката не бележи пораст, поради што не се зголемуваат и приходите. Зголемувањето на

потрошувачката ќе влијае на зголемување на приходите по основ на ДДВ. Приходите во Буџетот се проектираат врз основа на проекциите за движењето на потрошувачката. Не е добро да се изнесуваат невистини дека Република Македонија е високо задолжена земја кога според официјалните податоци нивото на јавен долг изнесува 34% од БДП. Истовремено, во услови на светска економска и должничка криза Владата успева навремено да ги подмирува обврските по основ на пензии, плати, социјални надоместоци и субвенции. Во однос на ниското ниво на странски инвестиции министерот истакна дека Владата ги презема сите потребни мерки и води конзистентни политики со цел да привлече странски инвеститори и неспорен е фактот дека странските инвестиции во државата континуирано се зголемуваат. Во однос на невработеноста министерот нагласи дека од 38,7% во 2005 година истата е намалена на 28,8% и не е во ред да се кажува дека истата не е реална, туку само фиктивно намалена. Во однос на средствата кои од Буџетот на Република Македонија се одвоени за компаниите кои работат во технолошко индустриските развојни зони во 2012 година во вид на државна помош дадени се 112,9 милиони денари или околу 2 милиони евра, во 2013 година 171,2 милиони денари или околу 3 милиони евра, додека во 2014 година планирана е државна помош од 300 милиони денари или вкупно за целиот период 584 милиони денари или вкупно 9 милиони евра. Странските инвеститори имаат вложено 1.750 милиони евра во Република Македонија, а државата им има дадено државна помош во висина од 9 милиони евра. Овие податоци се доказ дека странските инвестиции се многу повисоки од државната помош која им ја дала државата. Иако светската економска и должничка криза го намалија интензитетот, не може да се очекува позитивните ефекти да се почувствуваат веднаш и на македонската економија.

- Беше истакнато дека десет месеци по донесувањето на Буџетот за 2013 година, на начин кој ќе влезе во историјата на Република Македонија, со прекршувањето на Уставот и законите, Владата предлага Ребаланс на Буџетот за 2013 година. Со недоставувањето во законскиот рок на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. Владата го прекршува Законот за буџетите. Исто така го прекршува и Законот за руларен развој со тоа што не ги исплатила субвенциите на земјоделците за 2012 година до крајниот законски рок, односно до 30 јуни 2013 година. На странскиот инвеститор Субрата Рој, Владата му ја даде под концесија на 15 години најплодната земја во овчеполието на површина од 5.000 хектари за минимални пари со можност за продолжување на концесијата со непосредна спогодба или сега со новиот закон за земјоделско земјиште, да може и да ја купи. Земјоделците се соочуваат со проблемот на неисплатените субвенции, тутунопроизводителите со проблемот на ниската цена на откупот на тутунот, полјоделците кои треба да ја дадат пченицата за исто така ниски цени на откупувачите. Ако со Буџетот за 2012 година се исплатија субвенции за 2012 година и тоа само половина од вкупната сума,тогаш каде се 200 милиони евра,

кои се збир од Буџетот за 2013 година во висина од 130 милиони евра и половина субвенции кои не се исплатени за 2012 година.

- Во врска со претходната дискусија беше изнесено и спротивно мислење. Имено, субвенциите во целина земено се исплатени. Постојат поедини проблеми со исплатата кај некои земјоделци заради што не им се исплатени субвенциите. По барање на земјоделците се донесе одлука со која ќе може да се направи пребивање на долгот спрема државата со она што реално треба да се земе како субвенција од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Кај одредени земјоделци се јавуваа проблеми со доставување на погрешни жиро сметки, па поради тоа платежните агенции не беа во состојба да ги исплатат субвенциите. Но и овие проблеми се решаваат, и најголем дел од субвенциите се исплатени. Во Република Македонија сите тутунопроизводители беа задоволни од годинешната цена на откупот на тутунот особено што дополнително им се исплаќаше по 60 денари за килограм откупен тутун. Во Република Македонија зголемен е извозот, зголемен е девизниот прилив по основ на извозот, а увозот се должи на оние производи кои ги нема во Република Македонија.

- Беше изнесено дека во последните шест години во приватниот сектор со дирекни инвестиции и посредништво и преку кредити од банкарскиот сектор во Република Македонија вработени се од 25.000 до 35.000 македонски граѓани, додека вработувањето на албанските граѓани изостанува. Поднесените амандмани по Ребалансот на Буџетот треба да бидат прифатени од причина што се работи за веќе започнати проекти, а се однесуваат на патишта, училишта, вода, канализација и друго, а посебно е важен проектот за изградба на железничка пруга од Кичево до албанската граница.

- Беше изнесена дилема дали треба да се дискутира за ребаланс на Буџетот кога истиот е донесен во неуставна и незаконска процедура. Се презентираа статистички податоци кои беа оценети како поразителни за македонската економија. Исто така се презентираа статистички податоци по однос на заминувањето на полнолетните граѓани од Република Македонија, според кои дури 29% од високо образовните кадри заминуваат од земјата и податок дека како резултат на реформите во Република Македонија 46% од полнолетните граѓани сакаат да ја напуштат државата. Ако во Република Македонија се зборува за долгорочно планирање на економијата, не само заради ниските стапки на наталитетот туку и поради фактот што и новородените деца во рекордна бројка ја напуштаат државата, во тој случај неможе да се зборува за планирање на нормална иднина на оваа држава. Со ваквото губење на потенцијалниот кадар, ниедна држава не може да очекува ниту одржливи, ниту високи стапки на развој. Ако се погледаат анализите на Државниот завод за статистика ќе се види зошто овие 46% од младите сакаат да ја напуштат државата. Беа презентирани и статистички податоци за младите брачни парови со деца кои живеат на работ на сиромаштија, податоци за возрасната структура на граѓаните, примањата на домаќинствата и кои потреби тие можат да ги задоволат со истите. Сите овие податоци се движат

во надолна линија. Долгот на Република Македонија е клучно прашање по кое треба да се води дебата. Она што се слуша во изминатиот период е дека долгот е намален. Но ако се погледаат вкупните суми на статистичките податоци, ќе се види дека во периодот од септември 2006 година до септември 2013 година вкупниот долг на централната Влада е двојно поголем. Во Република Македонија во изминатиот период не само што расте јавниот долг, расте и приватниот долг и тоа од 21% од бруто домашниот производ на 38,7%.

- Беше нагласено дека животниот стандард на граѓаните постојано се намалува. Во Република Македонија има најниски плати и пензии во споредба со Европа. Се постави прашањето колку Владата троши годишно буџетски средства за реклами и колку милијарди евра во изминатите седум години се потрошени за непродуктивни трошоци. Клучниот проблем на оваа Влада кога се зборува за животниот стандард е тоа што таа постојано укажува дека ги зголемува платите и пензиите, а не го спомнува зголемувањето на животните трошоци. Намалување на бројот на невработени лица се врши со нивно бришење од евиденцијата и иселување на граѓаните од Република Македонија. Субвенциите за земјоделците се исплатуваат нецелосно и со закаснување од предвидениот рок. Не се инвестира во економски капацитети во прилепскиот регион, нема прилив на странски директни инвестиции, нема инвестиции во патната инфраструктура. Се нагласи дека во соседните земји во изминатите години влегле многу поголем износ на странски директни инвестиции. Економските промотори кои се испратени во странство и трошат буџетски средства не успеваат да донесат позначајни инвестиции. Намалена е транспарентноста за трошењето на буџетските средства, се намалува бројот на вработени во реалниот сектор.

- Во однос на предходно изнесената дискусија се иснесе спротивно мислење. Имено, иако македонската економија во изминатите години се соочуваше со светската финансиска и европската должничка криза, таа сепак успеа да ја одржи економската стабилност. Со Ребалансот се врши реалокација на средства во делот на пензиите. Во вториот квартал од 2013 година има економски раст од 3,9% кој е базиран на развојот во повеќе сектори и зголемените инвестиции, невработеноста се намали на 28,8%. Република Македонија е четврта најмалку задолжена земја во Европа.

- Беше истакнато дека со предложениот Ребалансот се врши продлабочување на буџетскиот дефицит од 3,5% на 3,9% заради префрлање на средства во Фондот за ПИОМ и за набавка на лабаратории за потребите на универзитетите во Република Македонија. Не се точни тврдењата дека животниот стандард на пензионерите е влошен. Се критикува префрлањето на буџетски средства во Фондот за ПИОМ, а од друга страна се кажува дека пензиите се најниски во Европа. Во изминатите години зголемен е бројот на вработени, странските инвестиции во периодот 2006-2013 година се за три пати паголеми во однос на периодот 2002-2006 година. Во услови на европска и стветска економска криза многу е тешко точно да се предвидат и исполнат

планираните проекции, а сепак и во тие услови Република Македонија има раст кој е меѓу највисоките и со задолженоста е меѓу најниските во Европа.

- Беше истакнато дека кога се носи Буџетот на државата треба да се имаат во предвид и помалите етнички заедници кои живеат во Република Македонија. Во деловите каде што е доминатно населението од српската етничка заедница, вложувањата се минимални како на пример во општините Старо Нагоричане и Чучер- Сандево. Постојат повеќе населени места кои се уште немаат водоводни и канализациони мрежи. Во карадачкиот регион нема ниту една инвестиција во стопански капацитети како би можело да се задржи населението кое живее таму. Во регионот на Скопска Црна Гора постојат повеќе културни и религиозни објекти кои се стари повеќе векови, а не се издвојуваат средства за нивно обновување како би можел да заживее селскиот туризам. Повеќе земјоделци од овој регион имаат доставено редовна документација за добивање субвенции, но сепак не им е излезено во пресрет истите да ги добијат.

- Се изнесе дека со Ребалансот на Буџетот за 2013 година во Фондот за здравствено осигурување во делот на трансфери и донации има предвидено околу 1.800.000.000 денари кои се трансферираат од Централниот Буџет кон Фондот за здравствено осигурување. Поради лошите политики и реформите во здравството се помалку средства има во ФЗО и се повеќе средства се трансферираат од Централниот Буџет. Во 2006 година трансферите кон ФЗО биле 122 милиони денари, а во овој момент трансферите кои се планираат до крајот на годината изнесуваат 1.800.000.000 денари. Тоа е зголемување за околу 150 пати. Единствен достапен податок од институциите во Република Македонија е анализата која ја има подготвено ФЗО за периодот јануари-март 2013 година. Се уште нема податоци како се трошат средствата кои се префрлаат во ФЗО. Обврските на јавните здравствени установи на 31 март 2013 година изнесуваат 3.567.102.000 денари кои во споредба со 31 март 2012 година се зголемени за 14, 33%. Вкупните долгови на ЈЗУ на 31 март 2013 година изнесувале 2.237.664.000 денари и во споредба со 31 јануари 2013 година се зголемиле за 1,2%. Се постави прашањето колкави се вкупните обврски на ЈЗУ заклучно со месец август 2013 година за да се знае во кој правец се менува македонското здравство. Со измените на Законот за акцизите кој стапи во сила во месец јули 2013 година, според очекувањата на министерот за здравство требаше на годишно ниво да се собираат од 250-300 милиони денари. Тие средства не се предвидени во предложениот Ребаланс. Со Предлогот на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа беше земен кредит во износ од 23 милиони евра и тие средства требаше заклучно со 2013 година да се вложат во здравството, односно да се реконструираат јавните здравствени установи. Клиничката болница во Кочани која била планирана да се опфати со овој кредит има предвидено да потроши само 50.000 евра. И со втората фаза од овој проект клиничката болница во Битола не беше планирана да се реконструира. Министерството за фнансии на два пати целосно ги

повлекуваше средствата наменети за Проектот за воведување интегриран здравствен систем, а целиот проект чини 178 милиони денари. Исто така за проектот за имплементација на здравствена картичка кој што беше ветен во 2007 година и завршен во 2010 година, беше планирано да се изработат 2,3 милиони електронски картички и да се потрошат 7,5 милини евра буџетски средства. Но изработката на здравствената картичка е на товар на граѓаните и за истата плаќаат по 250 денари.

- Беше изнесено дека Владата не ја поднесе Завршната сметка на Буџетот за 2012 година во законски предвидениот рок, а доколку некоја од фирмите не поднесе завршна сметка во законскиот рок веднаш се соочува со казна. За десет пати се зголемени глобите за физички и прави лица и на тој начин се полни Буџетот на Република Македонија. Владата постојано се задолжува за да може да исплати плати и пензии. Се постави прашањето како е можно најмалку задолжената економија и најбрзо растечката економија во Европа, според тврдењета на министерот за финансии, да не може да обезбеди средства од редовните приходи за финансирање на пензискиот фонд. Фондовите во изминативе години не можат повеќе да се финансираат од сопствените приходи. Зошто баш во месец март се планира зголемување на пензиите. Од друга страна само за реклами во текот на една година потрошени се 39 милиони евра. Се прави обид за вештачко намалување на бројот на невработени лица. Цели региони од Република Макединија масовно се иселуваат. Сиромаштијата на населението постојано се зголемува, а непродуктивните трошоци (мебел, автомобили, административни згради, за репрезентација, уметнички слики, економски промотори) не се намалуваат. Се постави прашање колку и на што се трошат буџетски средства за т.н роуд шоуа на владините тимови во странство за привликување странски инвеститори кога резултатите од нив се минимални.

- Во однос на претходно изнесената дискусија беше изнесено и спротивно мислење. Имено, се истакна дека со предложениот Ребаланс се додаваат средства на Фондот за ПИОМ во износ од 1.034.000.000 денари поради повисоки расходи во однос на индексацијата и дополнителни средства кои се префрлаат во Министерството за образование и наука во износ од 438.000.000 денари за опремување на лабаратории на универзитетите. Во изминатите години значителни средства се издвоени од Буџетот на Република Македонија за субвенции во земјоделството, за развој на здравството, образованието, зголемени се пензиите, платите, капиталните инвестиции. Благодарејќи на мерките преземени од Владата на Република Македонија, како и правилната буџетска политика Република Македонија успеа да ја задржи макроекономската стабилност, оствари солидни резултати во сите главни макроекономски параметри. Во текот на 2013 година е обезбедена редовна исплата на плати, пензии, социјални надоместоци, зголемени се капиталните инвестиции, остварен е позитивен економски раст најмногу благодарение на растот на градежништвото. Во првите седум месеци од 2013 година привлечени се над 130 милиони евра странски инвестиции со што се

придонесе за намалување на бројот на невработени лица. Исто така Владата успева да враќа и меѓународни обврски за кредити земени во изминатите години и е четврта најмалку задолжена земја во Европа. На расходната страна во Буџетот за 2013 година за капитални инвестиции се планирани 22.500.000.000 денари и овие средства не се намалуваат со Ребалансот што претставува највисок износ во изминатите дваесет години. Во наредната година ќе започне изградбата на крупни проекти во патната, железничката и енергетската инфраструктура.

- Беше истакнато дека доколку се следи реализацијата на Буџетот за 2013 година, ќе се забележи дека во текот на март 2013 година има два до три пати поголеми трошења отколку што е тоа просечно во другите месеци. Тоа беше предизборен период во кој се вршеа зголемени исплати на пензии, за социјални надоместоци, субвенции и слично. Во Фондот за ПИОМ ќе бидат обезбедени дополнителни 17 милиони евра, а во Министерството за образование и наука 7 милиони евра, во некои други ставки околу 1 милион евра, што ќе биде разлика од 25 милиони евра од предвидениот дефицит со Буџетот за 2013 година. Наместо да се намалат непродуктивните трошоци во Буџетот, со Ребалансот се создава дополнителен дефицит од 25 милиони евра, така што проектираниот дефицит со Буџетот од 3,5% со Ребалансот се зголемува на 3,9% од БДП. Овој дефицит ќе се покрива со домашно и странско задолжување, така што трендот на задолжување продолжува.

Во ставката на приходи на Буџетот, најинтересен е податокот дека за 0,9% помалку ќе се остварат социјалните придонеси. Ставката за придонеси не се остварува и покрај тоа што расте вработеноста. Се поставува прашање зошто во Фондот за ПИОМ има дефицит во висина од 17 милиони евра. Објаснувањето на министерот за финансии беше дека се зголемил бројот на пензионери од 285.000 на 289.600 лица и дека таа разлика во бројот на пензионери го предизвикала дефицитот. Но тој податок може и треба да се испланира при донесувањето на Буџетот согласно важечките прописи за пензионирање. Владата треба да направи анализа колку граѓани се иселуваат од Република Македонија. Бројот на невработените лица изнесува 275.000 кои немаат основна егзистенција и кои се потенцијални иселувачи од Република Македонија. Како и во Буџетот така и во Ребалансот има средства планирани за непродуктивни цели. Се уште не се исплатени целосно субвенциите во земјоделството за 2012 година, иако законска обврска за нивна исплата е 30 јуни 2013 година. Секоја година при носење на Буџетот се кажува дека тој е развоен, со многу капитални инвестиции, но со Ребаланс тој преминува во социјален Буџет, кој ги покрива социјалните трансфери. И покрај многуте роуд шоуа на Владата и рекламирањето преку странските медиуми, странските инвестиции изнесуваат само 101,4 милиони евра во првата половина од 2013 година. Добро е субвенциите што им се даваат на странските инвеститори да им се даваат и на домашните инвеститори за да се поттикнат да инвестираат повеќе, потпомогнати со таквите субвенции.

- Во врска со претходната дискусија беше изнесено и спротивно мислење. Имено, беше изнесено дека во Република Македонија се функционира како што треба (редовно се исплаќаат пензиите, се зголемуваат). Не се оствари предвидувањето на опозицијата дека Буџетот ќе ја уништи македонската економија и финансискиот систем. Наместо тоа има стабилен економски систем, позитивни економски движења. Во првиот квартал од 2013 година има 2,9% раст на БДП, а во вториот квартал раст од 3,9% или кумулативно 3,4% во првата половина од годината. Проекциите со Буџетот беа 2% и до крајот на годината постои верување дека нема да биде под 2%. Бруто инвестициите се зголемени за 8%, извозот на стоки и услуги за првата половина од 2013 година забележа раст од 3,4%, а увозот се намали за 0,5%. Овие бројки покажуваат дека македонските фирми стануваат се поконкурентни на европскиот и светскиот пазар и дека извозот на македонските производи се зголемува. Во првата половина од 2013 година позитивен раст имаат забележано сите сектори, а најголем придонес во економскиот раст има градежништвото кое има раст од 34,5% во споредба со 2012 година. Со таков раст градежништвото привлекува и поголем број на вработени. Со зголемувањето на економијата се зголемува и вработеноста која има раст од 4,7%. Освен градежништвото, индустријата по излезот од негативната зона во првиот квартал од 2013 година, во вториот квартал забележа посилен раст кој изнесува 4,1%. Македонската економија се придвижува напред и македонскиот финансиски систем е стабилен. Република Македонија има долг од околу 34% од БДП и е четврта на листата на најмалку задолжени земји во Европа. Странските инвестиции изнесуваат 101,4 милиони евра во првата половина од 2013 година кои се поголеми за 22% во споредба со 2012 година.

- Беше изнесено дека Ребалансот на Буџетот значи неуспех на предвидувањата или неуспешен Буџет. Буџетот за 2013 година беше проектиран за економски раст, за пораст на инвестиции и многу други ветувања кои никогаш не се остварија. Укажувањето на експертите како и поднесувањето на многубројните амандмани беше показател дека не може да се остварат проектираните параметри и дека Буџетот ќе претрпи Ребаланс. Се трошат стотици милиони евра во непродуктивни проекти. Буџетот е инструмент на економската политика и треба да биде сеопфатен за вкупното население во Република Македонија и не треба да биде дискриминаторски за албанците. Со Ребалансот се намалуваат средствата за библиотеката во Тетово, се скратуваат средства за театарот во Тетово, за албанскиот театар во Скопје. Се прави нерамнотежа во распределбата на средствата така што во некои области има симболични средства.

- Во однос на претходно изнесената дискусија беше изнесено и спротивно мислење. Имено, беше нагласено дека плоштадот Скендербег е изграден со средства од Буџетот на Република Македонија. Пензионери се сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за пензионирање. Ребалансот се предлага поради зголемување на бројот на пензионери, финансирање на лабораториите на универзитетите од кои

средства добива и Државниот универзитет во Тетово. Остварени се голем број на капитални проекти во регионите каде што гравитираат албанците, а тоа се патот Струга-Дебар, кој е завршен со 260 милиони денари; Дебар-Маврово со 60 милиони евра; Тетово-Јажинце кој е започнат пред неколку недели кој сигурно оваа година ќе се заврши, Клиничкиот центар во Тетово постојано се финансира со буџетски средства, а за водоснабдување во Тетово се планираат средства за идната година.

- Се изнесе дека во изминативе седум години опозицијата постојано апелира да се инвестира во енергетски објекти со цел да не се врши скап увоз на електрична енергија. Наместо скапите реклами, средствата да се трансферираат во Фондот за ПИОМ за исплата на пензии без да се врши задолжување.

- Беше истакнато дека според статистички податоци и податоци на меѓународни институции во последните години Република Македонија се наоѓа на листата на најсиромашните земји и каде најмизерно се живее. И покрај големото административно бришење на невработените од евиденција, Република Македонија е земја со најголем број на невработени. Ако има повеќе вработувања во реалниот сектор ќе има поголеми приходи од придонеси и нема да има потреба од дополнителни средства од Буџетот за Фондот за ПИОМ, затоа што овој Фонд по правило треба да се полни од изворните приходи, а тоа се придонесите за пензиско и инвалидско осигурување. Република Македонија последниве години ја зафаќа бран на емиграција како што тоа се случувало во 60-те и 70-те години од минатиот век. Последните миграциони движења покажуваат дека над 59% од граѓаните од 18 до 24 годишна возраст сакаат да се иселат од Република Македонија. Овие млади луѓе сакаат да ја напуштат земјата поради тоа што немаат основни услови за работа и егзистенција. Овие податоци се аргумент дека со политиките на Владата не се живее одлично како што се кажува. Владата ветуваше дека со добивањето на власта ќе го направи животниот стандард многу висок, но тоа не се оствари. Во тој контекст беа презентирани споредби на неколку основни артикли кои ги користи секој граѓанин. На пример, цената на лебот во 2006 година била 18 денари, а сега (2013 година) е 30 денари. Цената на млекото во 2006 година била 28 денари, а денес е 52 денари. Се постави прашање дали има толкаво покачување на платите и пензиите и дали сегашниов стандард ги покрива животните трошоци за основните продукти. Имајќи ги предвид овие компарации, се постави прашањето дали може да се зборува за усогласеност на платите и пензиите согласно порастот на основните животни трошоци и дали може да се изедначи куповната моќ на граѓаните во 2006 година со 2013 година.

- Се изнесе дека Република Македонија се стреми за влез во Европската Унија поради што треба да се има во предвид дека постојат стандарди кои државата треба постепено да ги воведува. Согласно Стратегијата 20/20 на Европската Унија процентот на буџетски дефицит треба да изнесува 3%, кој со Ребалансот на Буџетот за 2013 година е многу повисок. Буџетската политика

која се креира во државата ја наметнува дилемата дали тој воопшто ќе биде остварлив. Владата нема одржлива стратегија во однос на остварување на приходите во Буџетот. Со Ребалансот на Буџетот најголемата интервенција е кај трансферот на средства во Фондот за ПИОМ. Се поставува прашањето што ќе се случи следната година кога се очекува зголемување на бројот на лица кои ги исполнуваат условите за пензионирање, а постои можност за 0,8% раст на вработеноста на работоспособното население. Факт е дека зголемувањето на пензиите има позитивно влијание на подобрување на животниот стандард на пензионерите, но во голема мера се одразува на зголемување на недостатокот на средства во Фондот за ПИОМ, поради што се јавува потреба за трансфер на средства од Буџетот. Владата продолжува да обезбедува средства во Фондот за ПИОМ преку трансфери, наместо преку придонеси за пензиско и инвалидско осигурување со што се доведува во прашање неговата одржливост. Буџетскиот дефицит во континуитет се покрива преку задолжувања на државата, но со тоа проблемот на долг рок не се решава туку само се одложува. Во Ребалансот не се предвидуваат средства за поддршка на претприемништвото и развојот на малите и средните претпријатија. Развојот на малите и средни претпријатија е генератор на приходи во Буџетот, поради што треба да се обезбедат средства за развој на претприемништвото. Државата ги субвенционира земјоделците, но се поставува прашањето дали средствата кои се даваат како субвенции се користат рационално. Потребно е да се поттикнува конкурентноста на производите кои земјоделците ги произведуваат.

- Се изнесе дека Владата вети покачување на платите за 5% во 2012 година кое не го исполни. Истото го ветува и за 2014 година, но дали ветувањата ќе бидат исполнети. Во 2012 година спротивно на Законот за буџети Владата го зголеми буџетскиот дефицит од 2,5% на 3,9% без Ребаланс на Буџетот. Со неприфатливо оправдување ( од технички причини) го достави Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2012 година многу покасно од законски утврдениот рок. ММФ предвидува забавување на економската активност и економскиот раст, но Владата и понатаму тврди дека во следните години се очекува зголемување на економскиот раст. Владата континуирано тврдеше дека сите обврски кон стопанството се исплаќаат, за да потоа излезе со податоци дека по основ на поврат на ДДВ исплатени се 92 милони евра од Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Во Фондот за ПИОМ има недостаток на средства за исплата на пензии кои ќе се надоместат преку трансфери од Буџетот. Трансферите континуирано секоја година се зголемуваaат и тоа од 27,1% на 40% во 2013 година. Нови вработувања реално нема, туку истите само фиктивно се зголемуваат, на што укажува податокот дека придонесите по основ на пензиско и инвалидско осигурување не се зголемуваат и поради тоа мора дополнително да бидат обезбедени средства во Фондот за ПИОМ и тоа преку задолжување на државата. Во текот на последните седум години оваа Влада нема изградено ниту еден инфраструктурен проект, енергетски капацитет, автопат, а буџетските средства во енормни износи и понатаму се

користат за разубавување на главниот град на државата и изградба на споменици. При донесувањето на Буџетот за 2013 година министерот за финансии изнесе дека се прифатени 44 амандмани, а во образложението на Дополнетиот предлог на Буџетот за 2013 година стои податок дека се прифатени само 11 амандмани.

- Се изнесе дека не е во ред големи износи на средства да се трошат за непродуктивни цели и пред се во главниот град на државата, во услови кога останатите градови се соочуваат со егзистенцијални проблеми и тоа во однос на немање на водовод и канализација, патна инфраструктура, соодветни услови за образование и здравство. Се постави прашање зошто седум години по ред не се издвојуваат средства за изградба на патниот правец Маврово-Дебар. Владата не вложува во потребни инфраструктурни проекти и не обезбедува нормални услови за живот со што граѓаните од западниот дел на Република Македонија се принудени да ја напуштаат државата. Се повеќе се зголемува бројот на граѓани кои се иселуваат во земјите од Европа. Секоја година владеачкото мнозинство ветува дека ќе се преземат мерки за подобрување на животниот стандард и условите за живот на граѓаните, но ветувањата во континуитет не ги исполнува.

- Се изнесе дека се реализирани 60% од приходите кои се проектирани, а до крајот на годината ќе треба да се остваруваат за 46 милиони евра повеќе месечно за да се остварат проектираните со Буџетот. Се изнесе критика за зголемувањето на долгот на Република Македонија кај меѓународните финансиски институции особено кога средствата се трошат за непродуктивни проекти како што е проектот Скопје 2014. Неприфатливо е тврдењето на Владата дека во Република Македонија нема рецесија и економските показатели се на солидно ниво, затоа што условите за живот во државата се се полоши. Лошите економски политики на Владата водат кон се поголемо намалување на куповната моќ на граѓаните. Секојдневно се зголемуваат цените на прехранбените производи, енергенсите, комуналните услуги што влијае на влошување на квалитетот на животот на граѓаните. Добро би било Владата да преземе мерки за подобрување на условите за живот, а особено за намалување на разликите помеѓу богатите и сиромашните граѓани кои се во постојан пораст. Јазот помеѓу овие две категории на граѓани се повеќе се продлабочува, а средната класа на граѓани постепено исчезнува. Беше изнесено дека се трошат буџетски средства за роуд шоуа на владиниот тим, а со тоа се постигнуваат минимални ефекти во привлекувањето странски инвеститори. Се вложува во образованието и се даваат стипендии на студентите кои се со висок просек, но не се нудат можности за нивно вработување поради што истите се принудени да ја напуштат државата.

- Во однос на претходно изнесената дискусија се изнесе и спротивно мислење. Имено, беше укажано дека факт е дека државата се задолжува со заеми, но истите се во функција на нејзин развој и Република Македонија е земја со најниска задолженост во регионот. Заемите кои се земаат се користат наменски во проекти кои се во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Средствата се користат за изградба на патишта, училишта, спортски сали и терени, здравствени установи и за развој на културата, науката и образованието.

Комисијата ги разгледа амандманите поднесени по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година од страна на пратениците:

1) Амандман во Раздел 13001 Програма 2, Потпрограма 2Е, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2013 година” во ставката 488 и во Раздел 18010 во Програмата 1, Потпрограма 10, во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2013 година” во ставката 464 поднесен од пратениците Имер Алиу, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији, Орхан Ибраими, Беќим Ќоку и Садије Илјази, под архивски број (07-3520/56)

Амандманот го образложи пратеникот Газменд Алији.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 2 гласа “за“ и 6 гласа “против” не го усвои амандманот.

2) Амандман во Раздел 13001, во Програма 2 за додавање на нова Потпрограма 2Ј, Категорија 48 и ставка 482 по Потпрограмата 2И и ставката 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2013 година” и во Раздел 18010 Програма 8, Потпрограма 82 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2013 година” во ставката 482 поднесен од пратениците Имер Алиу, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији, Орхан Ибраими, Беким Ќоку и Садије Илјази под архивски број (07-3520/4)

Амандманот го образложи пратеникот Орхан Ибраими.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 3 гласа “за“ и 7 гласа “против” не го усвои амандманот.

3**)** Амандман во Раздел 13001, во Програма 2 за додавање на нова Потпрограма 2Ј, Категорија 48 и ставка 482 по Потпрограмата 2И и ставката 482 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2013 година” и во Раздел 18010 Програма 8, Потпрограма 82 во втората потколона од колоната “Расходи на Основен буџет за 2013 година” во ставката 482, поднесен од пратениците Имер Алиу, Мерал Узеири Ферати, Беким Фазлиу, Газменд Алији, Орхан Ибраими, Беким Ќоку и Садије Илјази, под архивски број (07-3520/6)

Амандманот го образложи пратеникот Орхан Ибраими.

Со овој амандман не се согласи претставникот на Владата, а Комисијата со 3 гласа “за“ и 5 гласа “против” не го усвои амандманот.

